**20260300445**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 став 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ВОДОСТОПАНСТВО ЗА 2026 ГОДИНА

I

Со оваа програма согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Раздел 14001, Потпрограма 60–Водостопанство, Ставка 423–Материјали и ситен инвентар, Ставка 464–Разни трансфери, Ставка 480–Купување на опрема и машини, Ставка 482–Други градежни објекти и Ставка 485–Вложувања и нефинансиски средства се утврдуваат намените за користење на средствата за реализирани работи во вкупен износ од 303.979.000,00 денари.

II

Средствата од дел I од оваа програма во износ од 303.979.000,00 денари се распоредуваат за:

| Ред. бр. | Мерка | Износ на средства (денари) |
|---|---|---|
| 1 | Ревизија на Основен проект за реконструкција на главен канал Турија и проширување на системот за дополнителни 2.500 ha за наводнување на селата Робово, Сачево, Муртино, Моноспитово, Бориево и Еднокуќево, Ревизија на Основен проект за рехабилитација на ХМС Дебарско Поле, Изработка на Физибилити студија за искористување на водите од акумулација Ново Село во атарот на селата Самоилово, Бајково и Ново Коњарево и Надзор над работите за изградба на Брана Речани. | 5.700.000,00 |
| 2 | Обврски по започнати капитални проекти за Изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Изградба на Брана Речани со придружни објекти, Изградба и надзор над изградбата на Главен довод од ХС Равен – Речица, Изградба на систем за наводнување Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен – Речица, Ревизија на Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен – Речица, Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во Општина Сарај, Приклучоци за напојување со електрична енергија на ПС Дебарско Поле и Систем за наводнување Сарај и Изработени Елаборати за запишување на водостопанска инфраструктура во Катастарот на недвижности за Подружниците на АД Водостопанство на | 260.715.248,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје во Битола и Прилеп, како и Обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица. | |
| 3 | Неизмирени обврски по склучени договори согласно Програмата за водостопанство за 2025 година за набавена механизација потребна за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје. | 4.500.000,00 |
| 4 | Неизмирени обврски по склучени договори согласно Програмата за водостопанство за 2025 година од страна на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за: Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково, Ревизија на Основен проект на Коса пруга на Брана Калиманци, Изработка на Основен проект од ДМК од ХС Брегалница Кочани, Ревизија на Основен проект од ДМК од ХС Брегалница Кочани, Репроектирање – Изработка на Основен проект за одржување на ДМК од ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Ревизија на Основен проект за одржување на ДМК од ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Изработка на Основен проект за одржување на ГК5 од ХС Брегалница, Ревизија на Основен проект за одржување на ГК5 од ХС Брегалница и Надзор на Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково. | 14.163.752,00 |
| 5 | Набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје. | 10.000.000,00 |
| 6 | Изработка на Основен проект за реконструкција на „канал М“ во ХМС Тиквеш – Кавадарци и Ревизија на Основен проект за реконструкција на „канал М“ во ХМС Тиквеш – Кавадарци. | 2.400.000,00 |
| 7 | Обврските за активности за остварување соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите. | 500.000,00 |
| 8 | Неизмирени обврски по склучени договори согласно Програмата за водостопанство за 2025 година од страна на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес за Механичко отстранување на наслаги и друга органска материја од акумулација Младост и изработка на Елаборат за извршени хидрогеолошки истражувања согласно активноста за Обезбедување на дотур на свежа вода во акумулација Младост. | 1.076.700,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 9 | Обезбедување на дотур на свежа вода во акумулација Младост, преку: Изработка на техничка документација – Основен проект за водостопански објект – бунар, Ревизија на Основен проект за водостопански објект – бунар и изработка на Елаборат за заштита на животна средина, како и Изведување на бушотини на најмалку две локации на Отовичка река и Рудничка река на длабочина од 50 метри со поставување на пумпи, цевки, приклучоци и напојување со електрична енергија. | 4.923.300,00 |
| | Вкупен износ на средства (денари): | 303.979.000,00 |

III

Реализацијата на средствата од дел II мерки 1, 2 и 7 од оваа програма во износ од 266.915.248,00 денари ќе ја врши Управата за водостопанство и тоа за:

- ревизија на Основен проект за реконструкција на главен канал Турија и проширување на системот за дополнителни 2.500 һа за наводнување на селата Робово, Сачево, Муртино, Моноспитово, Бориево и Еднокуќево, Ревизија на Основен проект за рехабилитација на ХМС Дебарско Поле, Изработка на Физибилити студија за искористување на водите од акумулација Ново Село во атарот на селата Самоилово, Бајково и Ново Коњарево и Надзор над работите за изградба на Брана Речани во износ од 5.700.000,00 денари;

- обврски по започнати капитални проекти за Изградба и надзор над изградбата на Брана Конско, Изградба на Брана Речани со придружни објекти, Изградба и надзор над изградбата на Главен довод од ХС Равен – Речица, Изградба на систем за наводнување Колибари, Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен – Речица, Ревизија на Основен проект за разделна и делнична дистрибутивна мрежа од ХМС Равен – Речица, Изградба, реконструкција и модернизација на систем за наводнување во Општина Сарај, Приклучоци за напојување со електрична енергија на ПС Дебарско Поле и Систем за наводнување Сарај и Изработени елаборати за запишување на водостопанска инфраструктура во Катастарот на недвижности за Подружниците на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје во Битола и Прилеп, како и Обврски за експропријација и пренамена на земјиште опфатено со изградба на Брана Конско, Брана Речани со придружни објекти и Главен довод од ХС Равен – Речица во износ од 260.715.248,00 денари и

- обврските за активности за остварување соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите во износ од 500.000,00 денари.

IV

Реализацијата на средствата од дел II мерки 3, 4, 5 и 6 од оваа програма во износ од 31.063.752,00 денари ќе ја врши АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје и тоа за:

- неизмирени обврски по склучени договори согласно Програмата за водостопанство за 2025 година за набавена механизација потребна за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје во износ од 4.500.000,00 денари;

- неизмирени обврски по склучени договори согласно Програмата за водостопанство за 2025 година од страна на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје за: Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од

ХМС Липково, Ревизија на Основен проект на Коса пруга на Брана Калиманци, Изработка на Основен проект од ДМК од ХС Брегалница Кочани, Ревизија на Основен проект на ДМК од ХС Брегалница Кочани, Репроектирање – Изработка на Основен проект за одржување на ДМК од ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Ревизија на Основен проект за одржување на ДМК од ХС Брегалница од стационажа 75 до стационажа 80, Изработка на Основен проект за одржување на ГК5 од ХС Брегалница, Ревизија на Основен проект за одржување на ГК5 од ХС Брегалница и Надзор на Реконструкција и санација на прва фаза на IV грана од ХМС Липково во износ од 14.163.752,00 денари;

- набавка на резервни делови потребни за одржување на основните водостопански објекти за наводнување и одводнување со кои управува АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост, Скопје во износ од 10.000.000,00 денари и

- изработка на Основен проект за реконструкција на „канал М“ во ХМС Тиквеш – Кавадарци и Ревизија на Основен проект за реконструкција на „канал М“ во ХМС Тиквеш – Кавадарци во износ од 2.400.000,00 денари.

V

Реализацијата на средствата од дел II мерки 8 и 9 од оваа програма во износ од 6.000.000,00 денари ќе ја врши Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ – Велес и тоа за:

- неизмирени обврски по склучени договори согласно Програмата за водостопанство за 2025 година од страна на Јавното претпријатие за водостопанство „Лисиче“ - Велес за Механичко отстранување на наслаги и друга органска материја од акумулација Младост и Елаборат за извршени хидрогеолошки истражувања согласно активноста за Обезбедување на дотур на свежа вода во акумулација Младост во износ од 1.076.700,00 денари и

- обезбедување на дотур на свежа вода во акумулација Младост, преку: Изработка на техничка документација – Основен проект за водостопански објект – бунар, Ревизија на Основен проект за водостопански објект – бунар и изработка на Елаборат за заштита на животна средина, како и Изведување на бушотини на најмалку две локации на Отовичка река и Рудничка река на длабочина од 50 метри со поставување на пумпи, цевки, приклучоци и напојување со електрична енергија во износ од 4.923.300,00 денари.

VI

За реализација на средствата од мерките 1, 5, 6 и 9 утврдени во дел II од оваа програма ќе биде спроведена тендерска постапка согласно Законот за јавните набавки (*).

Реализацијата на средствата од мерките 2, 3, 4 и 8 утврдени во дел II од оваа програма ќе се врши согласно претходно спроведени постапки за јавни набавки, склучени договори и доставена финансиска документација за исплата.

Реализацијата на средствата од мерката 7 утврдени во дел II од оваа програма ќе се врши согласно обврските за остварување соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција во областа на водите.

VII

Плаќањето на средствата за реализација на мерките од дел II од оваа програма ќе се врши на економски оператори или физички лица врз основа на решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, кон кое ќе биде доставена документација од авансни фактури, авансни ситуации, времени ситуации, завршни ситуации или фактури, со прикажаните извршени работи или услуги, потврдени од страна на надзорниот орган или ревидентот или склучени спогодби и судски одлуки за висина на надоместок за експропријација и договори за надомест на штета за пренамена на земјиште.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-706/10
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.